РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 18-та седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-616/1 од 06.02.2025 година, за несовесно работење на лицата ____ – Претседател на Основен суд ____ и ____ вработен во Основен суд ____, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават до Судски совет на Република Северна Македонија.

Предметот со бр. 12-616/1 од 06.02.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 06.02.2025 година, поднесена е пријава против лицата ____ – Претседателот на Основен суд ____ и ____ вработено лице во Основен суд ____, и оформен е предмет бр. 12-616/1 од 06.02.2025 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во пријавата подносителот наведува дека претставката ја поднел поради несовесно работење на судската власт со што му била нанесена неправда и огромна штета, како и поради барање и примање на поткуп од страна на пријавените лица, коишто незаконски барале пари со ветување дека ќе помогнат во судски постапки, или во спротива дека ќе ги изгубел истите. Имено, на подносителот на пријавата му било ветено повторување на следните постапки:

Од страна на лицето ____ од с. ____ пред Основен суд ____ била поднесена тужба под П4 бр. ____ против подносителот на пријавата, со основ стекнување без основ и поврат на парични средства во износ од 70.000 евра, кое тужбено барање од надлежниот суд било делумно усвоено и подносителот на пријавата бил задолжен да ги поврати средствата во износ од 70.000 евра. Подносителот на пријавата навел дека надлежните судови не ги зеле во предвид одредбите во пред-договорот и анекс на преддоговорот со кои самиот тужител изјавува дека доколку не го плати целосно износот на име купопродажба ги губи паричните средства кои ги дал во износ од 70.000 евра, како и одредбите за двојно враќање. Спротивно на сите докази доставени во судската постапка судовите донесувале одлуки на штета на подносителот на пријавата. Подносителот на пријавата до Основен суд ____ под П4 бр. ____ против ____ од с. ____ поднел тужба за надомест на употреба и користење на недвижниот имот за период од 15.07.2006 година до 28.08.2014 година, коенешто согласно законот имал право, а исто и да барал надоместок на штета за тој период. Од страна на судот му било одбиено тужбеното барање и бил задолжен да плаќа трошоци во постапката во износ од 524.714,00 денари. По жалбената постапка со Пресуда ГЖ бр. ____ од ____ година на Апелациониот суд ____ била преиначена Пресудата на основниот суд и делумно било усвоено тужбеното барање, по што ____ бил задолжен да врз основа на меѓусебно склучените договори, преддоговори и анекс на договор, за користење на недвижен имот од 07.08.2010 до 01.04.2014 година (вкупно за 44 месеци), плати износ од 729.000,00 денари. По ревизија на Врховниот суд на РСМ под Рев2. бр. ____ на ден ____ година, била потврдена Пресудата на Основен суд ____ П4 бр. ____ од ____ година.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Согласно пропишаното во член 36 став 1 од Законот за судскиот совет („Службен весник на РСМ“ 102/2019), Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите, односно е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува поради што предметната пријава заедно со прилозите ќе се достават до Судски совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р. Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: М-р В.З. Виш соработник
Контролирал: М-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: Б.Џ. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата